**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 март 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Милка Митковска, Јанаки Витановски, Цветанка Гашовска, Ванчо Ѓорѓиев, Благородна Мингова-Крепиева, Рафет Муминовиќ, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Фазли Велиу, Селвије Салиу, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели, Гзим Острени, Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Молам да седнат пратениците на своите места.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Молам пратениците да седнат на своите места.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално координаторот на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз, господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, согласно член 74 став 2 од Деловникот за работа на Собранието барам подршка од 10 пратеници со цел точките 9 и 10 од предложениот дневен ред да ги разгледаме после точките 11 и 12, односно прво да започнеме со Предлогот на закон за надворешни работи. Барам подешка од 10 пратеници.

**Слободан Најдовски:** Има подршка од 10 претеници. Значи, предлогот да се сменат местата, фактички на точката 9 и 10, точката 11 Предлог на закон за надворешни работи да биде точка број 9. Предлог за автентично толкување на член 66 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните да биде точка 10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик со Предлог на закон да биде точка 11, а точката 10 да биде точка 12.

Предлогот на господинот Макрадули го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 53, 52 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на господинот Макрадули е усвоен.

Благодарам на претставниците од Министерството за правда.

Дали се тука претставниците на Министерство за надворешни работи? Во ред.

Процедурално пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Барам пауза од еден час за да се подготвиме за оваа точка затоа што се промени редоследот.

Молам, да ме подржат 10 пратеници.

**Слободан Најдовски:** Молам дали има поддршка од 10 пратеници за да го ставиме предлогот на гласање, со оглед на тоа што господинот Љубисав Иванов Ѕинго не е пратеничка група.

Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот на господинот Љубисав Иванов Ѕинго да имаме еден час пауза го ставаме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 62, 20 за, 1 воздржан, 41 против.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Затоа што некои пратеници прашуваа зошто предлогот се става на гласање, затоа што седницата може да се прекине по барање на претседателот, по барање на пратеници, како што е по член 78.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за надворешни работи**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 7 став 1 за додавање нова алинеа по алинеа 6, член 21, член 35 став 1, член 71 и на член 76 став 1, алинеа 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 8, алинеа 11, член 13 за менување на став 1, член 14 став 1, член 15 став 2, член 17 став 1, член 46 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 49 алинеи 3 и 6, член 52 став 1 за менување на насловот пред член 66, член 66 став 3, член 68 став 4 алинеа 1 и на став 6, член 73 став 1, член 75 став 4, член 77 ставови 2 и 3 на насловот пред член 78, член 78 став 1 и за бришење на став 2 на членовите 79, 84 став 1, 86 и 87 за додавање нов член 79-а по членот 79, член 93 став 2 и на член 95 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на член 18 за менување на став 2 и на член 44 за додавање нов став 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова поднесе амандмани на член 36 за бришење на став 2, член 39 став 2 и на член 82 ставови 1, 2, 3 и 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за надворешни работи во Владата на Република Македонија, госпоѓа Илинка Митрева.

Повелете госпоѓо Митрева.

**Илинка Митрева:** Овој амандман не се прифаќа, бидејќи не сметаме дека така формулираниот член 36 претставува некаков ограничувачки фактор за вклучување во овие битни дипломатски мисии на претставници од политичкиот, културниот, научниот, експертскиот живот на Република Македонија, бидејќи по две третини детерминирани во тој член се подразбираат и нерезидентни амбасадори, како што беше образложено на Комисијата за надворешна политика, така што просторот за вклучување и на други профили апсолутно е отворен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ганка Самоилова-Цветанова.

Повелете госпоѓо Самоиловска-Цветанова.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам, потпретседателе. Значи во членот 36 стои дека најмалку две третини од вкупниот број на амбасадори се именуваат од составот на дипломатско конзуларните службеници, со највисоки дипломатски звања во Министерството. Сепак сметаме дека ваквата одредба е ограничувачки, имајќи во предвид дека амбасадорите можат да бидат именувани од редот на истакнати личности од културниот, научниот, политичкиот живот во државата. Од друга страна пак, сметаме дека со овој амандман не се ограничува можноста во рамките на Министарството да се спроведува сопствена политика за стимулирање и унапредување на кадарот од Минисерството за надворешни работи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот гоставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници, гласале 57, 17 за, 1 воздржан, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 2, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за надворешни работи, госпоѓа Илинка Митрева.

**Илинка Митрева:** Благодарам, господине потпретседателе, ниту овој амандман не можеме да го прифатиме со следново образложение. Овој закон во една од своите основни интенции имаше за цел навистина да ја засили улогата на Собранието во севкупниот надворешно политички процес, утврдувањето на надворешната политика и учество во таканаречената парламентарна дипломатија. Меѓутоа, предлогот на пратеничката Самоиловска Комисијата за надворешна политика да дава мислење за кандидатот за амбасадор во постапка во која Собранието согласно уставната поделба на власт нема изворни надлежности. Навистина не можеме да го прифатиме.

Кандидатите за амбасадори ќе имаат сѐ настап пред Комисијата за надворешна политика, меѓутоа без тоа да биде проследено со мислење на Комисијата која што станува составен дел од постапката.

Значи, овој амандман не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

**Ганка Самоиловска - Цветанова:** Благодарам потпретстдателе. Значи, во изминатите години беше востановена една пракса кандидатите за амбасадори да имаат свое излагање пред Комисијат за надоворешна политика на Собранието на Република Македонија што го сметам за една исклучително позитивна пракса. Но, сепак, се останува на презентација и се добива впечаток дека целата таа активност има една протоколарна димензија. Значи, со цел да се избегне таа протоколарна димензија на презентирањето на кандидатите за амбасадори пред Комисијата за надвореша политика на Собранието на Република Македонија, предлогот, односно амандманот гласи само да се додаде: по завршениот разговор кандидатот за амбасадор ги презентира своите согледувања за односите со државата на приемот, или меѓународната организација пред работното тело на Собранието надлежно за надворешна политика кое дава мислење. Значи, кога е предложено кој дава мислење, сметам дека овој амандман со ова не треба да се има обврзувачки карактер. Значи, мислењето дадено од Комисијата за надворешна политика не треба да има обврзувачки карактер. Но, ценам дека навистина би било значајно да се слушне и мислењето на Комисијата за надворешна политика, бидејќи во изминатиот период имавме и негативни и позитивни искуства. Значи, имавме кандидати за амбасадори кои сметам дека несоодветно ги презентираа своите

платформи и напротив имавме кандидати за амбасадори кои навистина брилираа во својот настап, односно демонстрираа големи познавања и од општествено политичките прилики на нашата држава и на државата во која тие ќе заминат. Од тие причини сакајќи да ја зацврстиме улогата на Собранието при креирањето на надворешната политика, сметав дека со овој амандман ќе го постигнеме токму тоа. Иако уште еднаш ќе повторам, само дава мислење Комисијата, а не е и обврзувачко.

**Слободан Најдовски:** Има збор госпоѓа Илинка Митрева.

**Илинка Митрева:** Значи, ние не само што не ја елиминираме, туку ја зацврстуваме и улогата на Комисијата за надворешна политика и во овој процес кој што е врзан за презентацијата на кандидатите за амбасадори пред Собранието. Меѓутоа, за да може да се инкорпорира Собранието во постапката од овој тип за да има изворни надлежности, како што веќе реков и за да се направат уставни промени. Со таа цел ние нема да се оглушуваме од мислењето на Комисијата за надворешна политика кое што и сега може да биде искажано во текот на седниците на кои што се врши претставување на платформата на кандидатот за амбасадор. Но, како што реков, тука треба да се размисли во тој случај да се поведе иницијатива за измена на Уставот.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Каролина Ристова.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине потпретседател. Се јавив за дискусија затоа што оваа проблематика беше предмет на дискусија и во нашата пратеничка група, а и на Комисијата за надворешна политика. Ние од пратеничката група на СДСМ апсолутно ја прифаќаме аргументацијата на предлагачот, односно на министерката за надворешни работи. Да потенцирам, да не доаѓа до заблуда, овде не станува збор дека доколку не се прифати еден ваков амандман ќе слабнее позицијата на Собранието на Република Македонија, односно обратното дека би ја зацврстило. Ние не можеме ништо да зацврстиме надвор од Уставот на Република Македонија. Иако мислењето што би требало да го даваме би било без правно врзувачко дејство, сепак тоа е формална интервенција која што доколку уставотворецот сака да постои како надлежност на Парламентот, односно на нашето Собрание би било вклучено во уставното уредување на оваа проблематика.

Од друга страна праксата за која што зборуваше предлагачот на амандманот, мојата ценета колешка Самоиловска-Цветанова во делот на излагање на тезите на кандидатите за амбасадорите пред Комисијата за надворешна политика не треба да се потценува бидејќи е една од најдобрите демонстрации на мека моќ на Собранието, а притоа го нема таквиот формален статус што би одел надвор од Уставот на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика госпоѓа Самоиловска.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Значи, да нема недоразбирања, поднесувањето на овој амандман прво, не сметам дека се коси со одредени уставни ингеренции на Собранието на Република Македонија. И целта беше чисто да се избегне онаа протоколарна димензија кога кандидатите за амбасадори ги изложуваат своите платформи и тези пред собраниската комисија.

Од друга страна, сметам дека навистина е вредно да се забележи, доколку некој од кандидатите за амбасадори има навистина успешно изложување пред оваа Комисија, дека вредно е да се забележи ако ништо друго, барем во неговото досие за начинот на кој тој ги претставил своите платформи и тези пред Собраниската Комисија и повторно сум на ставот дека на во овој начин во извесна мерка ја зацврстуваме улогата на Собранието на Република Македонија при креирањето на надворешната политика. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Пред да го соопштам резултатот од гласање службите да утврдат точен број на пратеници кои беа во моментот на гласање.

Во моментот на гласање беа присутни 67 пратеници, од нив 55 гласале, од кои 13 за, нема воздржани, 42 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39 став 2 поднесен од пртеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Отворам претрес по амандманот на член 82 ставови 1, 2, 3 и 4 поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева.

Повелете.

**Илинка Митрева:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени.

Констатирам дека нема пријавени за збор.

(Реакција од страна на пратениците поради брзото затворање на расправата).

Половина минута чекав дали некој ќе се пријави.

Констатирав дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање се присутни 67 пратеници, 54 гласале, 51 за Законот, еден е воздржан, 2 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за надворешни работи.

Процедурално има пратеникот Ганка Самоилова-Цветановска.

Повелете госпоѓа Цветановска.

**Ганка Самоилова-Цветановска:** Благодарам потпретседателе.

Иако, не е прекршена процедурата, но чувствувам за должност да изреагирам, бидејќи навистина овде сме ставени во позиција кои сме како на квиз емисија кој побрзо ќе притисне на копчињата. За еден ваков сериозен закон сметам, ве молам, дозволете, ако ништо друго, барем да дадам поддршка во насока на донесување на овој закон. Сметам дека навистина во извесна смисла сме онеправдани, бидејќи за едно вакво законско решение требаше да ги изнесеме нашите ставови, ако ништо друго затоа што Република Македонија, после 15 години добива закон со кој се регулира сферата на вршењето на надворешните работи.

Во таа смисла сакам да кажам дека пратеничката група на ВРМО ДПНЕ и покрај тоа што смета дека има некои недоследности во овој закон, сепак, ја даде поддршката, затоа што на овој начин дава правна рамка.

**Слободан Најдовски:** Морам да кажам, дури ако сакате и погледнете ја снимката, прв пат од кога прашав дали уште некој има за збор и гледав дали некој ќе се пријави, па ми беше чудно што никој не се пријавуваше. Можеби не игравте не квиз, туку секој сакавте некој да почне, па да биде потоа со зборувањето.

Молам, процедурата воопшто не е повредена.

Госпоѓо Бонева, имате процедурално.

Процедурално, се јавува госпоѓата Бонева.

Молам, само ако има повреда на процедурата на Деловникот, тогаш јавувајте се.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине потпретседателе,

За да се затвори ова прашање на брзи присти, мислам дека треба конечно да кажете и вие и претседателот на Собранието колку секунди ќе чекате според Деловникот, колку секунди имаме ние за да се свестиме откако вие ќе кажете кој бара збор, за да не брзаме постојано по вас и да се докажуваме дали навистина сме притиснале копче во дозволеното време или не. Мислам дека тоа нема смисла, бидејќи веќе кој знае колку пати расправаме за сериозни законски решенија за кои што не се дозволува да се каже ниту еден збор. Благодарение на тоа што не сме реагирале најбрзо.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Процедурално има пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, во име на Пратеничката грипа на СДСМ барам пауза до 16,00 часот за дополнителни консултации.

**Слободан Најдовски:** Момент, ќе имате пауза, но да се дообјасниме со госпоѓа Бонева.

По Деловникот, ако сакате точно да знаете и од сега сите пратеници да знаат, во Деловникот пишува откако претседателот ќе констатира дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучува претресот. Констатирањето за тоа дека нема пријавени повеќе за збор, ако овде нема никој пријавен и овде на ова горе што е, тоа е член 75, а јас незнам како поинаку да констатираме.

Пауза до 16,00 часот, а во 16, 00 часот ќе продолжиме со новозакажаната седница.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот).